**20221712372**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕТЕКТИВСКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за детективската дејност,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јули 2022 година.

Бр. 08-3373/1
27 јули 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕТЕКТИВСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за детективската дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 80/99, 66/2007, 86/2008, 51/11, 164/13, 148/15, 193/15 и 55/16), во членот 26 став 1 во воведната реченица зборовите: „510 до 990 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 250 евра“.

Во став 2 зборовите: „За прекршоците“ се заменуваат со зборовите: „Во случај на повторно сторување на прекршоците во рок од една година“.

Во ставовите 3 и 4 зборовите: „25 до 50 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 30 евра“.

Член 2

Во член 26-а ставот 1 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит, доколку не го блокира радиофреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот (член 5-г став 6).“.

Во ставовите 2 и 3 зборовите: „2.000 до 3.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 250 евра“.

Во став 4 зборовите: „100 до 200 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 250 евра“.

Член 3

Во членот 27 во воведната реченица зборовите: „490 евра“ се заменуваат со зборовите: „250 евра“.

Член 4

Членот 27-б се брише.

Член 5

Членот 27-в се менува и гласи:

„Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата од членот 27-а од овој закон, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 6

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.